20101011913

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за заштита и спасување ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.07.2010 година, донесе

# УРЕДБА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ – ЕВАКУАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со оваа уредба се уредува спроведувањето на мерката евакуација на населението која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на евакуација на населението се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локална самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва (во натамошниот текст: задолжени субјекти).

### Член 2

Евакуацијата опфаќа планско, организирано и контролирано преместување на населението, матерјалните добра и културното наследство во Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

### Член 3

Во зависност од времето и начинот на спроведувањето, евакуацијата на населението се организира како:

- навремена евакуација, која се спроведува пред отпочнување на дејствата на природните непогоди, и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба доколку истите можат да се предвидат и

- дополнителна евакуација, која ќе се спроведува веднаш по појавата или за времетраење на дејствата од природните непогоди, и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба.

### Член 4

Во зависност од обемот, евакуацијата на населението може да биде целосна и делумна.

При целосна евакуација се евакуира сето население, а се спроведува од

реоните и објектите што се загрозени од природни непогоди, и други несреќи од поголеми размери во мир, вонредна и воена состојба.

Со делумната евакуација се обезбедува намалување на бројот на населението во најзагрозените реони и објекти и може да биде селективна и структурна.

Со селективната евакуација се опфаќаат само определени категории на население, за кои се претпоставува дека поради карактерот на опасноста не можат ефикасно да се заштитат.

Структурната евакуација опфаќа преместување на дел од населението со цели семејства, освен граѓаните распоредени во републичките сили за заштита и спасување и во вооружените сили и на други должности во заштитата и спасувањето.

## Член 5

Определените категории на население што подлежат на евакуација се:

- деца до седум години возраст;
- бремени жени или мајки со деца до седум години;
- деца до 14 години, без родители или чии родители се ангажирани во структурите на заштитата и спасувањето и во одбраната и
- тешко болни и неподвижни лица.

Приоритет во евакуацијата имаат децата до седум години возраст и бремените жени и мајки со деца до седум години.

## Член 6

За спроведување на евакуација на оддалеченост до пет километри сметано од собирниот до прифатниот пункт, нема да се обезбеди превоз, освен за болните и изнемоштени, нивните старатели или негуватели, мајки со деца до седум години и бремени жени.

Евакуацијата над пет километри се спроведува со соодветни обезбедени превозни средства за превоз на населението.

## Член 7

Собирниот пункт претставува планирано и обележано место каде се врши организирано собирање на населението планирано за евакуација.

Прифатен пункт претставува планирано и обележано место каде се врши организирано прифаќање на евакуираното население.

## Член 8

Во зависност од времетраењето на престојот во прифатните реони и објекти евакуацијата може да биде:

- краткотрајна, со траење до 15 дена и
- долготрајна, со траење од 15 дена до една година.

### Член 9

При сместување на евакуираните лица во објекти од цврст материјал, за секое лице се обезбедува минимум од 2,5 - 3 $м^2$ нето станбена површина, а за сопствениците или корисниците на објектите минимум од 6-8 $м^2$ на секој член што продолжува да живее во објектот.

При сместување во објекти од времен карактер (шатори и приколки) за секое евакуирано лице се обезбедува површина од 1,5-2,5 $м^2$ нето станбена површина.

### Член 10

Евакуацијата на населението може да се спроведува и со самоевакуација, по пат на разместување на населението во сопствени објекти и објекти на блиски роднини со превозни средства во времето определено за евакуација.

## II.ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТВУВАЊЕ НА ЕВАКУАЦИЈАТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

### Член 11

Евакуацијата на населението опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на евакуацијата.

Активностите околу планирањето и подготвувањето на евакуацијата се вршат согласно планските документи, а се спроведуваат пред настанување на природни непогоди и други несреќи од поголеми размери во мир, вонредна состојба и во воена состојба.

Организирањето на евакуацијата се врши и по настанувањето на природни непогоди и други несреќи од поголеми размери во мир, вонредна состојба и во воена состојба, доколку со тоа се постигне повисок степен на заштита и спасување на населението.

## а) Планирање на активности за спроведување на евакуацијата на населението

### Член 12

Планирањето на активности за спроведување на евакуацијата на населението опфаќа процена на можните загрозувања на населбите и објектите во кои живее населението, населението, матерјалните добра и културното наследство, спроведување на евакуацијата и пропишување на стандардна оперативната процедура за спроведување на евакуацијата.

### Член 13

Потребната организација за спроведување на евакуацијата на населението се утврдува согласно со плановите за заштита и спасување.

При утврдувањето на потребната организација детално се разработуваат задачите, улогите, функциите и надлежностите на сите задолжени субјекти кои учествуваат во спроведувањето на евакуацијата, собирните и прифатните пунктови, патиштата и начините на извршување на евакуацијата, реоните и објектите за разместување на евакуираното население и други активности и мерки.

### Член 14

Активностите и постапките учесниците во организираното спроведување на заштитата и спасувањето од поплави ги преземаат согласно стандардните оперативни процедури донесени од страна на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

б) Подготвување на активности за спроведување на евакуацијата на населението

### Член 15

Подготвувањето на активностите за спроведување на евакуацијата на населението опфаќа организациски и оперативни мерки и постапки со кои се обезбедуваат потребните предуслови за спроведување на планираните активности за спроведување на евакуацијата.

За реализација на активностите од став 1 на овој член од страна на задолжените субјекти кои ја спроведуваат евакуацијата на населението во рамките на развојното и оперативно планирање посебно се предвидуваат :

- евиденција на населението кое подлежи на евакуација, според населбите и утврдените категории;
- начин на спроведување на евакуацијата (собирни места, правци на движење, број и вид на превозни средства, број и вид на екипи за логистичка поддршка, потребни материјални ресурси и др.);
- број и вид на објекти предвидени за сместување на евакуираното население;
- преглед на учесниците во спроведувањето на евакуацијата;
- вид, количина и начин на обезбедување на потребните материјални ресурси за евакуираното население со утврдени временски рокови;
- можности за снабдување со храна, вода, електрична енергија, комуникациски врски и друго во населбите во кои е сместено евакуираното население;

- проверка и сервисирање на обезбедените материјални ресурси;
- склучување на потребни договори;
- пополнување на силите за заштита и спасување кои учествуваат во спроведувањето на евакуацијата, со персонал и материјални ресурси и
- едукација, обука и вежби со задолжените субјекти, силите за заштита и спасување и на населението.

Пред донесувањето на плановите од став 1 на овој член, носителите на планирањето се должни планивите да ги достават на мислење на Дирекцијата за заштита и спасување.

## III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕВАКУАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО

### Член 16

Во спроведувањето на евакуацијата на населението од страна на задолжените субјекти и силите за заштита и спасување се исполнуваат задачите и должностите кои се утврдени со планот за заштита и спасување според пропишаните стандардни оперативни процедури.

### Член 17

Спроведувањето на евакуацијата на населението опфаќа активности во функција на превенција и оперативни функции.

#### а) Активности во функција на превенција

### Член 18

Во функција на превенција од страна на задолжените субјекти на спроведување на евакуацијата на населението се воспоставува потребната организација согласно член 14 на оваа уредба.

Во рамките на активностите од став 1 на овој член, задолжените субјекти ги обезбедуваат потребните персонални и матерјални ресурси за функционирање на воспоставената организација, спроведуваат едукација, обука и вежби со персоналот на задолжените субјекти и силите за заштита и спасување, ги одржуваат и сервисираат матерјалните средства наменети за спроведување на евакуацијата и превземаат и други активности и мерки утврдени со стандардните оператвни процедури.

#### б) Оперативни функции

### Член 19

Од страна на задолжените субјекти за спроведување на евакуацијата на населението во рамките на оперативните функции се спроведуваат активности и мерки во случај на непосредна опасност, за време на траење на опасноста и по завршување на опасностите и отстранување на последиците.

### Член 20

Во услови на природни непогоди и други несреќи од поголеми размери во мир, вонредна и воена состојба, евакуацијата на населението се спроведува надвор од зоната на влијание и тоа се додека трае опасноста, а по отстранување на последиците и обезбедување на услови за живот, населението се враќа во своите домови.

б-1) Активности и мерки во случај на непосредна опасност

### Член 21

Кога надлежен орган ќе утврди и извести за постоење на можност за настанување на непосредна опасност, надлежните и одговорните лица во задолжените субјекти ја зголемуваат готовноста за спроведување на евакуацијата на населението.

Во рамките на активностите од став 1 на овој член, Дирекцијата за заштита и спасување ги активира надлежните и одговорни лица за спроведување на евакуацијата и ги задолжува да преземат организациски, стручни, безбедносни и други мерки заради зголемување на подготвеноста за извршување на задачите во споредувањето на евакуацијата на населението.

б-2) Активности и мерки за време на траење на опасноста

### Член 22

За време на траење на опасноста, задолжените субјекти за спроведување на евакуацијата на населението ги спроведуваат следните активности и мерки:

- ги насочуваат и координираат самозаштитните активности ;
- учествуваат во спроведувањето на евакуацијата со силите за заштита и спасување;
- раководат и ги координираат сите активности за спроведување на евакуацијата на на селението.

### Член 23

За време на траењето на опасноста од страна на задолжените субјекти продолжуваат да се спроведуваат активностите кои им се определени или кои дополнително ќе произлезат за заштита на евакуираното население.

**б-3) Активности и мерки по завршување на опасностите и отстранување на последиците**

### Член 24

По завршувањето на опасностите и отстранувањето на последиците предизвикани од природните непогоди, и други несреќи од поголеми

размери во мир, вонредна и воена состојба од страна на задолжените субјекти се преземаат активности и мерки за организирано враќање на евакуираното население во постојаното место на живеење согласно утврдената стандардна оперативна процедура.

**Член 25**

Раководниот персонал во задолжените субјекти и командниот персонал на силите за заштита и спасување врз основа на водената евиденција за спроведување на активностите за евакуација на населението најдоцна за четири часа по завршувањето на активностите, го анализираат своето учество во спроведувањето на евакуацијата на населението.

Извештајот за извршената анализа и евиденцијата за употребата на службите и силите за заштита и спасување во случај на непосредна опасност, за време на траење на опасноста и во отстранување на последиците од страна на раководниот персонал во задолжените субјекти се доставува до Дирекцијата за заштита и спасување најдоцна два дена по завршувањето на активностите.

## IV. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 26**

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за спроведување на евакуацијата на населението („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/05 ).

**Член 27**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 51-3016/1
13 јули 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.